**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1342

Скопје, 1 декември 2025 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
**проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

**Уредник на Билтенот:**
**Илија Богоевски**

**Лектори:**
**Весна Илиевска-Цветановска**
**Соња Попоска**

**Техничко уредување:**
**Зоран Кордоски**

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1342 ОД 1 ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА


**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

**1.** Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ангел Мијајлески, Ангелчо Камчев, Гордана Вељановска Андреска, Марија Дудуковска, Марко Илиески, Столе Гелевски**)........................................................................7

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

**1.** Рецензија за оцена на докторската дисертација **Придонесот на социјалното претприемништво за инклузивниот раст, со посебен осврт на состојбите во Северна Македонија,** од **м-р Цутка Јованоска**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје..................8-16

2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Ивана Иванова**)........................................................................................................................17

**3.** Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ангела Толева, Ѓузиде Ќајаи, Игор Велковски, Марио Рингов, Тања Николова, Татјана Ивановска, Бранкица Миладинова, Љубица Коцева, Љупка Тасевска, Николија Јовановска, Магдалена Кекеновска, Маја Марковиќ, Александра Димишковска, Анѓелчо Глигоров, Томислав Лазаревски, Симон Божинов, Мартина Лазаровска, Пандорка Ампова, Ана Иљоска**)........................................................................................18-20

4. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Александра Куртиќ, Мартина Денковска, Максимилија Петравиќ, Симона Андонова, Катерина Димитрова, Миа Милошевска, Маја Стојановска, Душко Страшевски, Наталија Јошева, Бобан Нешковиќ, Симона Станојевска, Анастасија Неделковска, Ана Стрезовска, Билјана Јовановска, Ивана Пауновска Николов, Искра Крстевска, Кристина Петровска, Белма Рахиќ, Ѓорѓи Филиповски, Маја Раванска, Јован Калајџиски, Емир Реџепагиќ, Тамара Јанакиевска, Иван Кантарџиски, Стоиле Давчевски, Александар Недев, Александар Ѓорѓиески, Валентина Куновска, Евгенија Филиповска, Ангела Тарчуговска Латиновска, Симона Јорданова, Александра Илоска, Драгана Аврамовска Чурлинова**)...........................................21-24

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

**1.** Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Христина Ќамилова, Томи Огњановски**)..........................................................................................25

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

**1.** Реферат за избор на едно лице во сите научни звања по предметите од научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и хепатогастроентерологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Атип Рамадани**)..........................................................................................................26-39

**2.** Реферат (со издвоено мислење) за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и пластична хирургија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Маргарита Пенева, н. сор. д-р Бисера Николовска**)......................40-94

**3.** Реферат за избор на две лица во сите научни звања по предметите од научната област педијатрија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Ивана Арнаудова Даневска, ас. д-р Весна Мицевска**)....................95-133
**4.** Реферат за избор на два асистента по предметот Гинекологија и акушерство, на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Зоран Илиевски, д-р Арта Ислами-Зулфиу**)..............134-139
**5.** Рецензија за оцена на докторската дисертација **Анализа на ефектите од транексамичната киселина врз крвозагубата при тотална артропластика на колкот** од **д-р Дејан Дамјановиќ**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје..................140-148
**6.** Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Томислав Јованоски, Искра Дукова, Андреа Нанчева Богоевска**)....................149
**7.** Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Филип Каровски**)....................150

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

**1.** Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на правниот концепт *matrimonium iustum* врз развојот на европското и македонското брачно право** од **м-р Панче Ќосев,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје...........151-155
**2.** Рецензија за оцена на докторската дисертација **Правната рамка како важен фактор за успешна дигитална трансформација на јавната администрација,** од **м-р Анастазија Анастасовска Костовска**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје....................156-162
**3.** Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Сања Богданоска, Лука Стефаноски, Андреј Спасовски, Енџи Николоска, Предраг Петровиќ, Сања Трајковска, Сара Мацовска, Разие Сам Јумуртаџи**).......................163-164

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Каталог на земјотреси од Република Северна Македонија за периодот 1901 – 2023** од авторите: **Катерина Дрогрешка, Лазо Пекевски, Јасмина Најдовска, Драгана Черних, Љубчо Јованов, Ивана Молеровиќ, Моника Андрееска** и **Зоран Тодоров**....................165-169
2. Рецензија на ракописот **Каталог на механизми на жариштата на земјотресите FPsORM 1902 - 2024** од авторите: **Катерина Дрогрешка** и **Љубчо Јованов**..........................................170-174
3. Рецензија на ракописот **Атлас на карти на изосеисти на земјотреси на територијата на Република Северна Македонија за периодот 1901 – 2023 од авторите: Катерина Дрогрешка, Јасмина Најдовска, Моника Андреееска, Ивана Молеровиќ** и **Љубчо Јованов**.........................175-179
**4.** Рецензија за оцена на докторската дисертација **Стратегиски основи за развој на туризмот во градовите на Косово** од **м-р Фатон Шерифи**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје....................180-184
**5.** Рецензија за оцена на докторската дисертација **Молекуларно-филогенетска карактеризација на редот** PSEUDANABAENALES HOFFMANN, KOMÁREK & KAŠTOVSKÝ (CYANOBACTERIOTA, CYANOPHYCEAE), **базирана на современ полифазен пристап, со посебен фокус на родот** PSEUDANABAENA LAUTERBORN од **м-р Борис Алексовски**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје..........................................................185-196
**6.** Рецензија за оцена на докторската дисертација **Проценка и карактеризација на испарливи органски соединенија во воздух во затворен простор и на отворено со пасивно земање примероци и напредни аналитички техники** од **м-р Влазним Мула**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....................................197-204

**7.** Рецензија (на македонски и на англиски јазик) за оцена на докторската дисертација **Микроеволутивни процеси кај ендемичниот видов комплекс *Cyclotella cavitata* sensu lato од Охридското Езеро во текот на квартерниот период**, од **м-р Душица Заова,** пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје....................................205-223
**8.** Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Филип Николовски**)........................................................................................................................224
**9.** Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Теодора Николовска, Ленче Соколова, Зехра Ебиби, Бејда Синани, Јована Речкоска**).................................................225

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

**1.** Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) стоматолошка протетика, на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова**)...................................................................................226-250

**2.** Рецензија за оцена на докторската дисертација **Антимикробно влијание на различни видови канални полнења врз различни бактериски соеви** од **м-р Нора Леци Шала**, пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје........................................251-254

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

**1.** Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент во наставно-научната област: наука на храна и технологии на прехранбени производи, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје (**м-р Марија Ѓурческа**)........................................255-258
**2.** Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент во наставно-научната област: прехранбено процесно и биотехнолошко инженерство (2.11.05.02), на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје (**м-р Игно Тасев, м-р Виктор Цицимов**)..............................................................................................................259-268

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**

**1.** Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на компјутерски софтвери наменети за конструктивна подготовка, врз времето за изработка на потребната техничка документација во микропретпријатија за производство на плочест мебел по мерка** од **м-р Марија Крстев,** пријавена на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје..................................................................269-275
**2.** Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијание на диспозициите на бичење врз квантитативното искористување на пиланските трупци од ела/смрча** (***Abies alba* Mill./*Picea abies* L.**) од **м-р Ана-Марија Стаменкоска**, пријавена на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.........................................................................................................276-283
**3.** Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Ивана Антовска**)........................................................................................................................284

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

**1.** Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Шенај Мандак**)........................................................................................................................285

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

**1.** Рецензија на ракописот **Учебник по предметот Дигитални телекомуникации 1** од авторот **проф. д-р Венцеслав Кафеџиски**.........................................................286-292

# **Р Е Ф Е Р А Т**
## **ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕРОЗИЈА И УРЕДУВАЊЕ НА ПОРОИ (4.01.01.05) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ) – Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ (ФШНПАЕ „Ханс Ем“), објавен во весниците „Нова Македонија“ (стр. 18) и „Коха“ („Koha“) (стр. 20) на 27 октомври 2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област *ерозија и уредување на порои* (4.01.01.05), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-349/7, донесена на 17 ноември 2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Иван Блинков, редовен професор, проф. д-р Иван Минчев, редовен професор и проф. д-р Бојан Симовски, редовен професор, сите од УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област *ерозија и уредување на порои* (4.01.01.05), во предвидениот рок се пријави ас. д-р Огнен Essential Ончевски од УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“.

### 3. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот ас. д-р Огнен Ончевски е роден на 23 јули 1984 година, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје, на 21 мај 2003 година. Со високо образование се стекнал на УКИМ – Филозофски факултет во Скопје, кога дипломирал на 15 септември 2009 година. Потоа се запишал на УКИМ – Шумарски факултет во Скопје (денешен УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“), при што дипломирал на 21 јуни 2017 година, со просечен успех 8,92.

**Кандидатот активно се служи со англиски јазик и поседува Уверение за познавање англиски јазик, ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот за Европа (CEFR), издадено од УКИМ – Филолошки факултет„Блаже Конески“ во Скопје.**

Во учебната 2020/2021 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Токискиот универзитет за земјоделство во Јапонија. **Студиите на англиски наставен јазик ги завршил на 20 март 2022 година, со просечен успех 10,00 и претходна одбрана (31 јануари 2022 година) на магистерскиот труд со наслов: „Soil and Water Conserwation Measures for Restoration of Dry Areas in North Macedonia“ (Решение за признавање и еквиваленција на странска високообразовна квалификација; издадено од Министерство за образование и наука на РСМ (МОН), бр. 24-503141 од 4 октомври 2024 година)**.

Во учебната 2022/2023 година се запишал на трет циклус (докторски) студии на Токискиот универзитет за земјоделство во Јапонија, каде што на 24 јануари 2025 година успешно ја одбранил докторската дисертација на тема: „The Role of Tree Windbreak Systems in Water Conservation in Ovche Pole, North Macedonia: A study of Spatial Distribution, Characteristics and their Impact on Evapotranspiration Reduction“, под менторство на проф. д-р Мачито Михара (Prof. Dr. Machito Mihara), потоа проф. д-р Такахико Накамура (Prof. Dr. Takahiko Nakamura), вонр. проф. д-р Наронг Точ (Assoc. Prof. Dr. Narong Touch) и вонр. проф. д-р Тору Накаџима (Assoc. Prof. Dr. Toru Nakajima). Докторските студии на англиски наставен јазик ги завршил на 20 март 2025 година со што се стекнал со научниот назив доктор на земјоделски науки **(Решение за признавање и еквиваленција на странска високообразовна квалификација; издадено од МОН, бр. 24-732324 од 2 септември 2025 година)**.

На 23 декември 2024 година е избран во соработничко звање – асистент на Катедрата за земјиште и вода, во наставно-научната област *ерозија и уредување на порои* (4.01.01.05) на УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“. Овој реферат за избор е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1319 од 1 декември 2024 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата до неговиот избор во соработничко звање – асистент (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1319), како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

За време на студискиот престој на Токискиот универзитет за земјоделство во Јапонија, кандидатот ас. д-р Огнен Ончевски изведувал вежби на англиски наставен јазик на прв циклус студии на Факултетот за биопроизводство и екоинженерство, по предметните програми: *Applied Experiment* и *Basic Experiment*.

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“, кандидатот е распореден да изведува вежби на прв циклус студии по предметните програми: *Уредување на поројни сливови*, *Топографија, Вовед во просторно и пределно планирање, Рекултивација на копови, јаловишта и депонии* и *Деградација на земјиштето и опустинување*.

Ас. д-р Огнен Ончевски бил раководител на повеќе работилници и тренинг-школи во земјата и во странство. Како дел од тим на раководители, учествувал во организација и реализација на два „72-часовен курс за пермакултурен дизајн“, како и на повеќе работилници за вовед во пермакултура, компостирање, градинарство, училишни градини и други. Учествувал и во организацијата и реализацијата на меѓународните предавања и работилници во организација на УКИМ – Архитектонски факултет во Скопје и УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“. Дополнително, како предавач придонесува и во реализација на повеќе работилници за користење дронови и глобален систем за сателитска навигација.

Конкретните активности се наведени во табелата во Образец 2, според Анекс 1 (член 2) од Правилникот за избор во звања, со датуми и други релевантни податоци.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатот ас. д-р Огнен Ончевски има објавено вкупно 4 научни труда од соодветната и од други сродни области во меѓународни научни списанија кои подлежат на рецензија и се индексирани во повеќе електронски бази на списанија со трудови достапни на интернет. Значајно е да се нагласи дека на сите трудови тој се јавува како прв автор.

Кандидатот активно учествувал во повеќе меѓународни стручни собири и како прв автор презентирал 6 реферати со усна презентација, од кои 5 се објавени како апстракти од научно/стручно излагање на конференција во зборници.

Ас. д-р Огнен Ончевски рецензирал вкупно 12 ракописи на научни трудови за специјализираното меѓународно научно списание *International Journal of Environmental and Rural Development (IJERD)*, во издаваштво на Меѓународното друштво за животна средина и рурален развој (International Society of Environmental and Rural Development), Токио, Јапонија.

Кандидатот бил носител на два национални научноистражувачки проекта во Јапонија, во рамки на програмата за финансирање научноистражувачки проекти на Токискиот универзитет за земјоделство преку Институтот за истражувања во Токио (Tokyo NODAI Research Institute), на темите: „Determination of windbreak porosity value for most optimal wind protection efficiency of tree windbreaks systems in Ovche Pole Region, Macedonia“ (2023 – 2024) и „Assessment and Optimization of Tree Windbreaks Systems for Sustainable Agricultural Development in Dry Areas of Macedonia“ (2022 – 2023). Тој, исто така, е учесник – млад истражувач во националниот научен проект „Паметно земјоделство за адаптација кон климатските промени (КЛИМАГРИ/CLIMAGRI)“ (2025 – 2026), спроведуван од УКИМ – Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје, а поддржан и финансиран од МОН.

Називите на трудовите, проектите и сл. се наведени во табела во Образец 2, според Анекс 1 (член 3) од Правилникот за избор во звања, со датуми и други релевантни податоци.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатот ас. д-р Огнен Ончевски, самостојно или како соработник, бил активно вклучен во стручно-применувачката работа во земјата и во странство. Особено се истакнува

неговиот труд во изготвување на повеќе основни и идејни проекти од областа на пермакултурниот дизајн.

Кандидатот покажува изразена активност и во дејностите од поширок интерес. Така, тој бил член на организациски и програмски одбори на вкупно 5 меѓународни научни собири одржани во Тајланд, Камбоџа и во Јапонија.

Кандидатот бил член на уредувачки одбор на меѓународното научно списание *IJERD*.

Стручно усовршување во странство остварил преку студиски престои во повеќе држави низ светот, каде што имал прилика да се дообразова и да се усовршува на теми релевантни за областа. Попрецизно, кандидатот има остварено повеќе студиски престои пократки од 3 месеци во: Турција, Шпанија, Португалија, Хрватска и други земји, а остварува и студиски престои подолги од 6 месеци во Јапонија. Дополнително, преку виртуелна настава и курсеви се стекнува со сертификати за успешно завршени доусовршувања на темите: „Advanced Soil Health“ (Универзитет „Корнел“, САД), „Water Harvesting for Microclimate Management“ (Универзитет во Фиренца, Италија) и „Ecosystems: Resilience in a Changing Climate“ (Програма за животна средина на Обединетите нации и Универзитетот за применети науки во Келн, Германија).

Дополнително, во изборниот период, ас. д-р Огнен Ончевски учествувал во изготвување и пријавување на научен проект со наслов: „Улогата на урбаните зелени зони во регулација на микроклиматските услови и термалниот комфор во Скопје“, во својство на млад истражувач и како дел од експертскиот тим на УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“, подготвен во согласност со Конкурсот за распределба на средства за финансирање на научноистражувачки проекти на државните универзитети – факултети/научни институти/МАНУ за 2025 година, распишан од страна на МОН.

Кандидатот е член на извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност, односно акција во рамки на програмата *COST* („CA24163 – Modelling cross-sectoral cascading climate impacts on Europe to design coherent policy reponses CROSS-CASCADE“). Ас. д-р Огнен Ончевски бил и претседател и член на управен одбор на „Зелената арка“ – граѓанско здружение од областа одржлив развој и заштита на животната средина.

Конкретните активности се наведени во табелата во Образец 2, според Анекс 1 (член 5) од Правилникот за избор во звања, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Во последно објавениот Извештај за самоевалуација за периодот 2023 – 2024 година во анонимно спроведената анкета на студентите на УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“, кандидатот ас. д-р Огнен Ончевски не е опфатен, бидејќи извештајниот период е надвор од временската рамка од последниот избор на кандидатот во соработничко звање – асистент, односно неговата наставно-образовна дејност на УКИМ – ФШНПАЕ „Ханс Ем“ започнува од летниот семестар во учебната 2024/2025 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на ас. д-р Огнен Ончевски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот до денес, Комисијата заклучи дека ас. д-р Огнен Ончевски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент по предметите од наставно-научната област *ерозија и уредување на порои* (4.01.01.05) .

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, ас. д-р Огнен Ончевски да биде избран во звањето **доцент** по предметите од наставно-научната област *ерозија и уредување на порои* (4.01.01.05).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Иван Блинков, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Иван Минчев, член, с.р.**
**Проф. д-р Бојан Симовски, член, с.р**.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Огнен Љубиша Ончевски
**Институција:** Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје
**Научна област:** ерозија и уредување на порои

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: *8,91.*<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: *10,00.*<br>Просечниот успех изнесува ________за интегрираните студии. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: *ерозија и уредување на порои;* поле: *земјоделство, шумарство и рибарство*; подрачје: *земјоделски и ветеринарни науки.* | Да |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор. | Да |
| 3.1 (1) | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>5. Назив на научното списание: *International Journal of Environmental and Rural Development (IJERD)*<br>6. Назив на електронската база на списанија: *J-STAGE, Scopus, PubMed, DOAJ*<br>7. Наслов на трудот: *Farmers' Perspectives on Ecosystem Services Provided by Tree Windbreak System in Ovche Pole Region, Macedonia.*<br>8. Година на објава: *2024* | Да |
| 3.1 (2) | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | *1.* Назив на научното списание: *International Journal of Environmental and Rural Development (IJERD)*<br>*2.* Назив на електронската база на списанија: *J-STAGE, Scopus, PubMed, DOAJ*<br>3. Наслов на трудот: *Relation between the Level of Degradation and the Wind Speed Reduction Efficiency of Tree Windbreaks Systems in Ovche Pole Region, Macedonia*<br>*4.* Година на објава: *2022* | |
| 3.1 (3) | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: International Journal of Environmental and Rural Development (IJERD)<br>2. Назив на електронската база на списанија: J-STAGE, Scopus, PubMed, DOAJ<br>3. Наслов на трудот: *Rainwater Harvesting as a Mean for Water Conservation in Ovche Pole Region, Macedonia*<br>4. Година на објава: 2021 | Да |
| 3.1 (4) | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: *International Journal of Environmental and Rural Development (IJERD)*<br>*2.* Назив на електронската база на списанија: *J-STAGE, Scopus, PubMed, DOAJ*<br>*3.* Наслов на трудот: *Farmers' Perceptions on Soil Degradation and their Criteria to Adopt Soil and Water Conservation Strategies in Ovche Pole Region in North Macedonia*<br>4. Година на објава: *2020* | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание:<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): ________<br>3. Наслов на трудот: ___________<br>4. Година на објава: ___________ | / |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1. Назив на научното списание: _______<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_______<br>3. Наслов на трудот: ___________<br>4. Година на објава: ___________ | / |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: ________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_______<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: ________ | / |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: ______<br>2. Назив на меѓународниот собир: __________<br>3. Имиња на земјите: ________<br>4. Наслов на трудот: ___________<br>5. Година на објава: ___________ | / |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br><br>1. Наслов на преведеното капитално дело: ______<br>2. Година на објава: ___________<br>3. Издавач, место на издавање и година: ______ | / |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 8. Странски јазик: англиски јазик<br>*9.* Назив на документот: *Уверение за познавање на англискиот јазик*<br>*10.* Издавач на документот: *Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје*<br>11. Датум на издавање на документот: *28.10.2025* | |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

* На лицата кои имаат засновван работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Иван Блинков, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Иван Минчев, член, с.р.**
**Проф. д-р Бојан Симовски, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Огнен Љубиша Ончевски
**Институција:** Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје
**Научна област:** ерозија и уредување на порои (4.01.01.05)

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1.1 | Одржување на вежби по предметната програма *Applied Experiment* на Токискиот универзитет за земјоделство (2021/2022) | 1.8 |
| 1.2 | Одржување на вежби по предметната програма *Basic Experiment* на Токискиот универзитет за земјоделство (2021/2022) | 1.8 |
| 1.3 | Одржување на вежби по предметната програма *Applied Experiment* на Токискиот универзитет за земјоделство (2022/2023) | 1.8 |
| 1.4 | Одржување на вежби по предметната програма *Basic Experiment* на Токискиот универзитет за земјоделство (2022/2023) | 1.8 |
| 1.5 | Одржување на вежби по предметната програма *Уредување на поројни сливови* ( 2024/2025) | 0.9 |
| 1.6 | Одржување на теренски вежби по предметната програма *Уредување на поројни сливови* ( 2024/2025) | 0.96 |
| 1.7 | Раководител (дел од тим) на *Меѓународни предавања и работилница за градба со сламени бали.* Повеќедневен настан во организација на Зелената арка – Скопје и Архитектонскиот факултет во Скопје | 1.5 |
| 1.8 | Раководител (дел од тим) на *72-часовен Курс за пермакултуре дизајн* во Приштина, организиран од Fondacioni Jeshil од Приштина и Зелената арка – Скопје. | 1.5 |
| 1.9 | Раководител (дел од тим) на *72-часовен Курс за пермакултуре дизајн* во Скопје , организиран од Задруга за органска храна „Наша добра земја“ и Зелената арка | 1.5 |
| 1.10 | Раководител на работилница: *Gardening workshop*, во рамки на проектот *365 Garden-Permaculture Demonstration Site*, реализиран од Fondacioni Jeshil | 1.5 |
| 1.11 | Раководител на работилница: *Composting workshop*, во рамки на проектот *365 Garden-Permaculture Demonstration Site*, реализиран од Fondacioni Jeshil | 1.5 |
| 1.12 | Раководител на работилница: *Composting workshop*, во рамки на проектот *365 Garden-Permaculture Demonstration Site*, реализиран од Fondacioni Jeshil | 1.5 |
| 1.14 | Раководител на работилница: *Introduction to Permaculture and School Gardens Workshop*, во рамки на проектот *Edible Outdoor Classrooms (EOCs): Competency-Based Education and Healthier Living in Kosovo*, реализиран од Fondacioni Jeshil | 1.5 |
| 1.15 | Раководител на работилница: *Permaculture Design Methods Workshop*, во рамки на проектот *Edible Outdoor Classrooms (EOCs): Competency-Based Education and Healthier Living in Kosovo*, реализиран од Fondacioni Jeshil | 1.5 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.16 | Раководител на работилница: *Planting workshop*, во рамки на проектот *Edible Outdoor Classrooms (EOCs): Competency-Based Education and Healthier Living in Kosovo*, реализиран од Fondacioni Jeshil | 1.5 |
| 1.17 | Раководител на работилница: *Soil/Composting Workshop*, во рамки на проектот *Edible Outdoor Classrooms (EOCs): Competency-Based Education and Healthier Living in Kosovo*, реализиран од Fondacioni Jeshil | 1.5 |
| 1.18 | Раководител на работилница: *Garden ecology workshop*, во рамки на проектот *Edible Outdoor Classrooms (EOCs): Competency-Based Education and Healthier Living in Kosovo*, реализиран од Fondacioni Jeshil | 1.5 |
| 1.19 | Раководител на работилница: *Volunteer Training on Surveying and Waste Management*, во рамки на проектот *Piloting of Decentralised Composting Models for Alternative Engagement of Organic Waste in Kosovo*, реализиран од Fondacioni Jeshil | 1.5 |
| 1.20 | Раководител (дел од тим) на меѓународните предавања и работилница со наслов „Создавање шуми според методот Мијаваки“, организирана од Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ | 1.5 |
| 1.21 | Учесник (предавач) на *Работилница за користење на дронови и глобален систем за сателитска навигација на Гази Баба, Скопје*, активност организирана од РЕФОРД | 1 |
| 1.22 | Учесник (предавач) на *Работилница за користење на дронови и глобален систем за сателитска навигација на Пресека, Кичево*, активност организирана од РЕФОРД | 1 |
| 1.23 | Учесник (предавач) на *Работилница за користење на дронови и глобален систем за сателитска навигација во с. Росоман, Кавадарци*, активност организирана од РЕФОРД | 1 |
| 1.24 | Учесник (предавач) на *Работилница за користење на дронови и глобален систем за сателитска навигација во Виница*, активност организирана од РЕФОРД | 1 |
| 1.25 | Учесник (предавач) на тренинг-школа *Strenghtening Capacities to Reduce Watershed Instability in Western Balkans*, организирана од Resource Environmental Center - REC | 1 |
| | **Вкупно** | **35.06** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 2.1 | Раководител на национален истражувачки проект во Јапонија, во рамки на програмата за финансирање научноистражувачки проекти на Токискиот универзитет за земјоделство преку Институтот за истражувања во Токио (Tokyo NODAI Research Institute), на тема: *Determination of windbreak porosity value for most optimal wind protection efficiency of tree windbreaks systems in Ovche Pole Region, Macedonia (2023 – 2024)* | 6 |
| 2.2 | Раководител на национален истражувачки проект во Јапонија, во рамки на програмата за финансирање научноистражувачки проекти на Токискиот универзитет за земјоделство преку Институтот за истражувања во Токио (Tokyo NODAI Research Institute), на тема: *Assessment and Optimization of Tree Windbreaks Systems for Sustainable Agricultural Development in Dry Areas of Macedonia (2022 – 2023).* | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| 2.3 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор: *Ognen Onchevski and Machito Mihara. 2024. Farmers' Perspectives on Ecosystem Services Provided by Tree Windbreak System in Ovche Pole Region, Macedonia. International Journal of Environmental and Rural Development (IJERD), Vol. 15 (1), 151-156.* | 4.5 |
| 2.4 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор: *Ognen Onchevski, Teruaki Irie, Ivan Minchev and Machito Mihara. 2022. Relation between the Level of Degradation and the Wind Speed Reduction Efficiency of Tree Windbreaks Systems in Ovche Pole Region, Macedonia. International Journal of Environmental and Rural Development (IJERD), Vol. 13 (2), 13-18.* | 3 |
| 2.5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор: *Ognen Onchevski and Machito Mihara. 2021. Rainwater Harvesting as a Mean for Water Conservation in Ovche Pole Region, Macedonia. International Journal of Environmental and Rural Development (IJERD), Vol. 12 (1), 95-102.* | 4.5 |
| 2.6 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор: *Ognen Onchevski and Machito Mihara. 2020. Farmers' Perceptions on Soil Degradation and their Criteria to Adopt Soil and Water Conservation Strategies in Ovche Pole Region in North Macedonia. International Journal of Environmental and Rural Development (IJERD), Vol. 11 (2), 12-19* | 4.5 |
| 2.7 | Апстракт објавен во зборник на конференција на *12th International Conference on Environmental and Rural Development* со наслов „*Water Harvesting as a Mean for Water Conservation in Ovche Pole Region, Macedonia*“ | 1 |
| 2.8 | Апстракт објавен во зборник на конференција на *13th International Conference on Environmental and Rural Development* со наслов „*Wind reduction efficiency of tree windbreaks – a case study of Ovche Pole, Macedonia*“ | 1 |
| 2.9 | Апстракт објавен во зборник на конференција: 14th International Conference on Environmental and Rural Development - Assessment of Windspeed Reduction Efficiency of Tree Windbreaks Systems Using | 1 |
| 2.10 | Апстракт објавен во зборник на конференција на *15th International Conference on Environmental and Rural Development* со наслов „*Farmers' Perspectives on Ecosystem Services Provided by Tree Windbreak System in Ovche Pole Region, Macedonia*“ | 1 |
| 2.11 | Апстракт објавен во зборник на конференција на *16th International Conference on Environmental and Rural Development* со наслов „*Comparison of Evapotranspiration Rates at Open Field Conditions and Agriculture Field Protected by Tree Shelter Belts in Ovche Pole*“ | 1 |
| 2.12 | Учество на научен собир со реферат – усно на *12th International Conference on Environmental and Rural Development* | 1 |
| 2.13 | Учество на научен собир со реферат – усно на *13th International Conference on Environmental and Rural Development* | 1 |
| 2.14 | Учество на научен собир со реферат – усно на *14th International Conference on Environmental and Rural Development* | 1 |
| 2.15 | Учество на научен собир со реферат – усно на *15th International Conference on Environmental and Rural Development* | 1 |
| 2.16 | Учество на научен собир со реферат – усно на *16th International Conference on Environmental and Rural Development* | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 2.17 | Учество на научен собир со реферат – усно на *GEA International Scientific Conference "Global challenges and Local solutions in natural resource management"*. | 1 |
| 2.18 | Учесник – млад истражувач во национален научен проект: *Паметно земјоделство за адаптација кон климатските промени (КЛИМАГРИ/CLIMAGRI)* (2025 – 2026), спроведуван од УКИМ – Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје, а поддржан и финансиран од МОН | 3 |
| 2.19 | Рецензија на научни/ стручени трудови во: *International Journal of Environmental and Rural Development (IJERD) Vol.12 , Vol.13 и Vol.14* (вкупно 12 дванаесет) | 2.4 |
| | **Вкупно** | **44.9** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 3.1 | Соработник на главен (основен) проект: *Екопарк* – дизајн и озеленување на јавна зелена површина во Општина Карпош, проект реализиран од Зелената арка – Скопје | 2 |
| 3.2 | Соработник на главен (основен) проект: *Пермакултурна градина – НАДЕЖ* – дизајн и озеленување на дворна површина во Општина Шуто Оризари, проект реализиран од Зелената арка – Скопје | 2 |
| 3.3 | Одговорен проектант на главен (основен) проект: *365 Garden-Permaculture Demonstration Site* – дизајн и озеленување на дворна површина во Приштина, проект реализиран од Fondacioni Jeshil | 4 |
| 3.4 | Одговорен проектант на главен (основен) проект: *Outdoor School Garden at Shkolla e Gjelbert-Prishtina* – дизајн и озеленување на дворна површина на јавна установа – училиште во Приштина, проект реализиран од Fondacioni Jeshil | 4 |
| 3.5 | Соработник на идеен проект: *Истражувачко-демонстративен центар Серменин* – реконструкција и озеленување на јавна дворна површина во Општина Гевгелија. | 1 |
| 3.6 | Соработник на идеен проект: *Re-forest School,* за The Earth School Competition: Senegal Elementary School – конкурсно решение на повик објавен од Archstorming. | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 3.7 | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно списание: *International Journal on Environmental and Rural Development (IJERD)* | 1 |
| 3.8 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен собир: *12th International Conference on Environmental and Rural Development* | 1 |
| 3.9 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен собир: *13th International Conference on Environmental and Rural Development* | 1 |
| 3.1 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен собир: *14th International Conference on Environmental and Rural Development* | 1 |
| 3.11 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен собир: *15th International Conference on Environmental and Rural Development* | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.12 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен собир: *16th International Conference on Environmental and Rural Development* | 1 |
| 3.13 | Соработник во изготвување и пријавување на научен национален проект: *Паметно земјоделство за адаптација кон климатските промени (КЛИМАГРИ/CLIMAGRI)* | 0.5 |
| 3.14 | Соработник во изготвување и пријавување на научен национален проект: *Улогата на урбаните зелени зони во регулација на микроклиматските услови и термалниот комфор во Скопје* | 0.5 |
| 3.15 | Студиски престој во странство до 3 месеци на *72-часовен Курс за пермакултурен дизајн* во Истанбул, Турција | 0.5 |
| 3.16 | Студиски престој во странство до 3 месеци на *Курс за учители по пермакултурен дизајн*, Загреб, Хрватска. | 0.5 |
| 3.17 | Студиски престој во странство до 3 месеци на *Professional training in creating Water Retention Landscapes* во Тамера, Португалија | 0.5 |
| 3.19 | Студиски престој во странство до 3 месеци на курс: *Restoration of degraded drylands and monitoring of desertification processes* | 0.5 |
| 3.23 | Студиски престој во странство повеќе од 6 месеци како студент истражувач на Токискиот универзитет за земјоделство, Токио, Јапонија | 2 |
| 3.25 | Студиски престој во странство повеќе од 3 месеци на Токискиот универзитет за земјоделство, Токио, Јапонија | 1 |
| 3.26 | Член на извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност, односно акција во рамки на програмата COST *(CA24163 – Modelling cross-sectoral cascading climate impacts on Europe to design coherent policy reponses CROSS-CASCADE*) | 2 |
| 3.27 | Претседател на здружение поврзано со струката *(Граѓанско здружение „Зелената арка – Скопје“ )* | 2 |
| 3.28 | Член на Управен одбор на здружение поврзано со струката *(Граѓанско здружение „Зелената арка – Скопје“ )* | 0.3 |
| | **Вкупно** | **26.3** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **35,06** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **44,9** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **26,3** |
| **Вкупно** | **106,26** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Иван Блинков, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Иван Минчев, член, с.р.**
**Проф. д-р Бојан Симовски, член, с.р.**